СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

# ОТВОРЕН ПОВИК
# ЗА ИЗВОЗНО ОРИЕНТИРАНИ МАКЕДОНСКИ КОМПАНИИ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА ВО ПРОЦЕС НА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ И КОУЧИНГ ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ ЗА КВАЛИТЕТ И ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА

Бр. 15-1108/1
24.10.2024 година

**ПРЕДМЕТ:**

**ОТВОРЕН ПОВИК ЗА ИЗВОЗНО ОРИЕНТИРАНИ МАКЕДОНСКИ КОМПАНИИ ЗА ПОДДРШКА ВО ПРОЦЕС НА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ И КОУЧИНГ ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ ЗА КВАЛИТЕТ И ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА**

**Проект:** Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција/ Private Sector Regional Integration Support Activity имплементиран од Стопанската комора на Северна Македонија и поддржан (ко-финансиран) од Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД) согласно Договор за соработка Бр. 72016522CA00001

**Проектна активност:** Поддршка на македонски компании за интернационализација и интеграција во регионалните и глобалните синџири на снабдување

**Цел:** Зголемување на конкурентноста на македонските компании и нивно подобро позиционирање во регионалните и глобалните синџири на снабдување

**Основ за обезбедување на поддршката:** Договор
**Вид на поддршка:** Услуги/ поддршка за импементација на стандард по избор
**Износ на техничката помош по компанија:** 1500 УСД
**Времетраење на поддршката:** Шест месеци

---

**Датум на објава на повикот:** 24.10.2024 година
**Краен рок за аплицирање:** 12.11.2024 година
**Рок на важност на апликацијата:** 90 дена

---

Проектната активност во оваа фаза на проектот опфаќа 3 активни повици. Заинтересираните компании може да аплицираат за поддршка на повеќе од еден повик, но истите може да бидат избрани само за еден вид поддршка. По разгледување на апликациите, ќе се поддржат толку компании колку што има располпживи средства за таа намена во буџетот на проектот.
**Напомена:** Техничката поддршка не подразбира доделување на финансиски средстава на избраните компании, истата се состои од обезбедување на поддршка за импементација на еден меѓународен стандард за квалитет по избор на одбраните компании, од страна на консултанти кои ги покрива договорниот орган, во рамки на утврдениот буџет.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1. Партнерска држава..................................................................................2
2. Договорен орган.......................................................................................2
3. Основни информации..............................................................................2
4. Вид на постапка........................................................................................ 2

АКТИВНОСТИ И ЦЕЛИ

1. Цел.............................................................................................................3
2. Активности.................................................................................................3

БАРАЊА ЗА АПЛИКАНТИТЕ

1. Критериуми за евалуација и бодување...........................................3
2. Потребни документи за комплетна апликација..............................3

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1. **Партнерска држава:**

Северна Македонија

2. **Договорен орган:**

Стопанска комора на Северна Македонија
„Димитрие Чуповски" бр.13, 1000 Скопје

Контакт лице:
*Билјана Пеева-Ѓуриќ, Проектен менаџер*
*Телефон: +389 2 3244 034*
*Е-адреса: biljana@mchamber.mk*

3. **Основни информации:**

Стопанската комора на Северна Македонија отпочна проект за поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција/ Private Sector Regional Integration Support Activity кофинансиран од Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД).
Целта на проектот е да ја поддржи регионалната економска интеграција на бизнисот во Северна Македонија. Во насока на остварување оваа цел и следење на промените во регионалното опкружување, УСАИД развива нови партнерства каде приватниот сектор е во фокусот и заедно со УСАИД треба да има катализаторна улога да го поттикне проширувањето на регионалните и западните пазари.
Генералната констатација е дека македонските компании се соочуваат со ниска извозна конкурентност, делумно поради ограничените маркетинг капацитети за пристап до странските пазари, недостатокот на посветеност на дигиталната трансформација на деловните процеси, ограничени кадровски капацитети за менаџирање на извозни активности, недоволно познавање на регулативата и условите за пристап до одредени пазари, како и, нецелосно спроведување на меѓународните стандарди за квалитет. Сето ова ги намалува можностите на македонските компании за зголемување на извозните активности и за поголема интеграција во регионалните и глобални синџири на снабдување.
Поради тоа, се наметнува потреба за поддршка на македонските компании со цел нивна интернационализација и интеграција во регионалните и глобалните синџири на снабдување.
Проектната активност за поддршка на избраните компании ќе биде координирана од Стопанската комора на Северна Македонија, а имплементирана од консултанти.

4. **Вид на постапка:**

Отворен јавен повик за прибирање апликации од заинтересирани компании објавен на веб страната на Стопанската комора на Северна Македонија
Изборот на компаниите ќе се врши во една фаза (без претходна пре – селекција) од страна на Комисија за евалуација формирана во рамки на проектот врз основа на утврдените критериуми во овој повик и доставени апликации од страна на компаниите.
Начин на аплицирање:
Заинтересираните компании треба да аплицираат со пополнување на следниот формулар.
Пополнетите формулари, заедно со пропратната документација, се доставуваат до контакт лицето м-р Ивана Анчев, администратор на проектот.
Контакт: е-адреса: ivana@mchamber.mk
Телефон: (0) 23 24 40 51
Апликантите ќе добијат повратна порака за успешно примена апликација од администраторот на проектот.

АКТИВНОСТИ И ЦЕЛИ

1. **Активности**

Техничка поддршка на извозно ориентирани компании кои имаат потреба од истата во процесот на имплементација на меѓународните стандарди и коучинг на вработени лица одговорни за имплементација на меѓународни стандарди за квалитет и циркуларна економија што опфаќа појаснување на барања кои произлегуваат за компаниите од конкретен стандард, потребни документирани информации кои треба да се изготват за да бидат задоволени барањата од стандардот, клучни елементи на стандардот и бенефити од имплементација на истиот. Поддршката ќе опфаќа и подготовка на извештаи на компанијата за усогласеност со меѓународните стандарди, рејтинг и кредитна способност.
Поддршката може да опфати само компании чија дејност не се однесува на стоки и услуги кои не се подобни за набавка согласно со Правилата за подобност за набавка на стоки и услуги на УСАИД / USAID ELIGIBILITY RULES FOR PROCUREMENT OF COMMODITIES AND SERVICES (2020).

2. **Цели**

Целта е успешна и ефикасна имплементација на меѓународни стандарди за квалитет и циркуларна економија од страна на извозно ориентираните компании. Крајната цел е поддршка на извозно ориентираните компании да ги унапредат извозните активности на постоечките пазари како и да направат диверзификација на извозното портфолио на ниво на производ и пазар на кој се извезува (преку отпочнување со извоз на нови производи и/или освојување на нови пазари).
Поддршката се состои од обезбедување на поддршка за импементација на еден меѓународен стандард за квалитет, по избор на одбраните компании, од страна на консултанти кои ги покрива договорниот орган, во рамки на утврдениот буџет.

БАРАЊА ЗА АПЛИКАНТИТЕ

1. **Критериуми за евалуација и избор на компании и бодување**

| Критериум | Бод |
|---|---|
| Производни капацитети | 50 |
| Персонал за следење на производните/услужните процеси | 50 |
| Вкупно | 100 |

Во случај на ист број на освоени бодови во фазата на евалуација, предност ќе имаат компании членки на Стопанската комора на Северна Македонија, како и компании кои досега немаат воведено стандард за квалитет.
Исполнувањето на критериумите ќе се оценува врз основа на податоците наведени во формуларот кој го пополнуваат апликантите и производното портфолио.

2. **Потребни документи за комплетна апликација**

- Тековна состојба издадена во последните шест (6) месеци;
- Потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган издадена во последните шест (6) месеци;
- Потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган издадена во последните шест (6) месеци;
- Производно портфолио;
- Извозно портфолио/ изјава дека компанијата е извозно – ориентирана;
- Копија од важечки сертификат за стандард (доколку компанијата веќе има имплементирано некој стандард за квалитет)
- Листа на вработени лица со соодветни компетенции за контрола на производните/услужните процеси;

- Пополнет формулар.

**Контакт информации:**
Адреса: „Димитрие Чуповски“ бр.13, 1000 Скопје

Контакт лица

Билјана Пеева-Ѓуриќ, Проектен менаџер
Телефон: +389 2 3244 034
Мобилен: +389 72 236 710
Е-адреса: biljana@mchamber.mk

м-р Михајло Донев, Оперативен менаџер
Телефон: +389 2 3244 067
Мобилен: +389 75 295 062
Е-адреса: mihajlo@mchamber.mk